





# Графики од "Тамаринд"

## Попови Литографии

КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

Изложбата во Скопје ја организираат:

Уметничката галерија "Скопје", Скопје и
Американскиот центар, Скопје

# Увод

Литографиите од оваа изложба не се ниту најголемите по формат што се прават денес во Соединетите Американски Држави, ниту пак се најсовршените. Сепак, тие одлично го претставуваат широкиот изразен потенцијал на овој медиум, и на естетски и на технички план. Тие исто така се резултат на една посебна работилница што се труди да обучува печатари и за која често пати се вели дека е основна движечка сила во преродбата на американската литографија. Со основањето на "Тамаринд" беше повратен угледот на овој медиум и меѓу уметниците и меѓу колекционерите и трговците со слики, а техничките можности значително се проширија. Американската литографија измина долг пат од времето на малечките, црнобели графики типични за почетокот на дваесеттиот век.

Институтот Тамаринд, некомерцијална установа, денес дејствува како оддел со самостојно финансирање на Универзитетот на Њу Мексико. Иако во текот на годините некои точки од програмата на "Тамаринд" се менуваа, таа во основа остана иста, залагајќи се за највисока етика и за највисок квалитет. И покрај тоа што се изработуваат во повеќе примероци, сите литографии од "Тамаринд" се оригинални уметнички дела. Со исклучок можеби на првобитната скица или работен цртеж на уметникот, тие не егзистираат претходно во ниеден друг медиум. Нацртани од страна на уметникот директно на каменот и (или) на плочата од која се отпечатуваат литографиите, тие во никој случај не се репродукции. Во работилницата, уметниците прават одделен цртеж за секоја боја што треба да се отпечати, непосредно соработувајќи со печатарот кој дава стручни совети и техничка помош.

Печатарите имаат многу важна улога, бидејќи само со помош на нивното знаење и нивната вештина, уметникот е во состојба целосно да ги истражи можностите со кој располага овој медиум и на крајот да ја оствари својата естетска цел. Поради многу сложената техничка постапка, овој медиум бара големо искуство за да се постигнат адекватни и предвидливи резултати. Затоа литографијата како средство за уметничко изразување може да се совлада само со помош на соодветна вештина и опрема, или во услови на соработка.

Додека во 1950-тите години во Соединетите Американски Држави имаше само неколку кооперативни работилници за литографија, во 1981 година можеа да се набројат скоро стотина. Голем број од овие работилници се сопственост или во нив работат печатари обучени во "Тамаринд". Програмата за обука на печатари и натаму им нуди единствени можности за усовршување на напредните студенти по литографија од сите краишта на Америка, како и од странство.

Многу ѝ благодариме на "Артс Америка" што ни даде можност да ја презентираме оваа изложба. Како и секогаш, таа е резултат на вложените напори на многу луѓе. Посебна благодарност им должиме на Еванџелин Џ. Монтгомери од "Артс Америка" и на Кетрин Даунер, Ребека Шнелкер и Мери Бејтс од "Тамаринд".

Марџори Девон,
директор,
институт Тамаринд

# Графики од "Тамаринд"

Тамаринд е тропско дрво што потекнува од Индија. Денес може да се виде како агресивно расте насекаде низ Јужна Калифорнија чиј пејзаж е речиси наполно увезен. Авенијата Тамаринд, една споредна улица во Холивуд беше првата адреса на работилницата што ја означи преродбата на литографијата во Соединетите Американски Држави и што го издигна овој медиум на ниво на главно изразно средство за голем број од најзначајните уметници денес. Исто како дрвото, и литографијата цутеше во својот нов дом во Лос Анџелес.

Литографската работилница "Тамаринд" ги отвори вратите во јули 1960 година благодарение на љубовта и посветеноста на уметникот и самоук литограф Џун Вејн. Ателјето почна да работи со Клинтон Адамс како помошник директор и Гаро Антреазијан како мајстор-печатар. Овие тројца уметници беа решени да извршат операција за спасување на литографијата - камелеонски графички медиум што нуди чудесна низа од ефекти.

Со помош на средствата од Фордовата фондација, во првите две години работилницата покажа вртоглава активност. Беа направени 439 слики, или просечно по една нова графика секој втор ден! Во почетокот тиражот беше мал - во просек по триесет отпечатоци за секое издание. Голем број уметници беа поканети да соработуваат со вештите печатари и да ги откријат можностите на литографскиот камен. Меѓу првите беа и Ричард Дибенкорн, Џозеф и Ани Алберс, Рубен Нејкијан, Луиз Невелсон и Сем Френсис.

Во текот на првата деценија, 103 уметници работеа како соработници или гости на работилницата и создадоа две илјади и деветстотини различни слики - вкупно околу девет илјади отпечатоци. Во 1970 година, институтот Тамаринд се префрли во Албекерки, Њу Мексико, и стана оддел на Универзитетот на Њу Мексико. Во 1985 година, вкупниот број на уметници порасна на петстотини, а бројот на литографските изданија - на пет илјади!

Фордовата фондација стана спонзор на литографската работилница "Тамаринд" по предлог на Џун Вејн поднесен до В. Макнил Лаури, одговорен за новоформираната програма за хуманистика и уметност. Вејн предложи шест цели:

- да се создаде група од мајстори-печатари во Соединетите Држави;
- уметници од сите стилови да се усовршат во мајстори на овој медиум;
- уметниците и печатарите да се навикнат на соработка, така што заемно ќе си одговараат и ќе го искористуваат изразниот потенцијал на овој медиум;
- да се поттикнат нови пазари за литографијата;
- да му се помогне на печатарот да заработува за живот без да зависи од субвенции или од уметникот;
- да се поврати угледот на литографијата со тоа што ќе се создаде збирка од добри литографии.

Според сите показатели, литографијата во 1950-тите години во Америка беше на раб на изумирање и под доминација на европската академска традиција. Уметникот Роберт Раушенберг изјави: "Втората половина на дваесеттиот век не е време за цртање на камења." Меѓутоа, кога на Раушенберг му се даде можност да работи со еден мајстор-печатар кај Universal Limited Arts Editions на Татјана Гросмен, на Лонг Ајленд, тој стана признат мајстор на овој медиум. Навидум застарената печатарска постапка се покажа како совршен начин за него да ги комбинира и да ги комбинира отпадоците од културата на масовните медиуми. Исечоци од весници, ѓубре, рентгенски снимки и графити, сите тие можеа да се обединат во една оригинална композиција што во исто време можеше и да се репродуцира.

Со помош на печатари мајстори на својот занает, Раушенберг и многу други уметници најдоа медиум што совршено му одговараше на постиндустриското општество. Тоа е техника што Алојз Зенефелдер ја разви во 1798 година за комерцијални цели, кога ги откри својствата на варовникот што се копаше во неговата родна Баварска и го пронајде "хемискиот печат" (chemische Druckerei) за да печати нотни текстови и драми во голем тираж.

Првата цел на "Тамаринд" беше да се обучат печатари кои ќе бидат прецизни техничари, и уште поважно од тоа, мајстори кои ќе умеат да извлечат најдобри слики од уметниците со истражувачки дух. Печатарите на "Тамаринд" постојано се поттикнуваат да пронаоѓаат нови техники потребни за реализација на најразлични естетски цели.

Во 1950-тите години, оние малкумина Американци што сакаа да направат литографија мораа да го минат Атлантскиот Океан, да склучат договор со некоја европска печатарска работилница и да ја финансираат целата работа. Во 1958 година и Вејн беше меѓу нив. Денес, нешто повеќе од четврт век по нејзините патувања,

ситуацијата е наполно изменета, бидејќу многу Европејци патуваат во Америка за да работат со печатари од кои многу се обучени во "Тамаринд".

Од 1960 до 1985 година, "Тамаринд" прими 125 луѓе како квалификувани печатари. Педесет и двајца од нив ги завршија ригорозните и обемни студии и се здобија со диплома "мајстор-печатар од Тамаринд" (Tamarind Master Printer - TMP), што потврдува дека се способни да соработуваат со уметници од секаков профил. При крајот на првата деценија на "Тамаринд", прославувајќи го големото преродување, Адамс забележа: "Додека во 1950-тите години беше необично да се најде уметник што работел литографија, денес во Америка има малкумина уметници што не се занимавале со неа..."

Адамс, директор на "Тамаринд" од 1970 до 1985 година, обрнуваше посебно внимание на обучувањето на печатарите. Интензивната програма и натаму е единствениот организиран систем од студии по литографија во светот. Кога се пензионира, Адамс беше кустос на изложбата "Педесет уметници/педесет печатари" за да го "истакне богатството на соработката" и "дострелот и разновидноста на американската литографија во текот на овие дваесет и пет години (откако постои "Тамаринд")."

Ако литографијата е технички најкомплексна од сите графички медиуми, таа исто така е и најмногустрана - извонредно погодна за еклектицизмот на дваесеттиот век, способна за безброј современи визии. Литографскиот камен може да ги забележи и најделикатните навестувања; тој може да пренесе смели потези на четката, остри рабови, плискање, распрскување или прскање со контролиран потег; може да се направи осетлив на фотографија, а неговата рамна и глатка површина е совршена за полиња од сочни бои. Оваа изложба јасно го покажува ова.

"Фиеста акт" од Филип Перлстин е духовито повикување на традиционалната употреба на литографијата како медиум за цртачот и на нејзините извори како техничка постапка. Женскиот акт, инаку класична тема, е прикажан нецелосно и како одраз во огледало. При изработката на отпечатокот, сликата се извртува - Перлстин ги нагласува извртувањата со употреба на нацртаното огледало и одразите.

И делото на Керолин Брејди се повикува на традиционалните литографии работени со креон. За разлика од постарите, поскромни форми на класичната мртва природа, овие слики буквално имаат нарушени пропорции. Преголемата бела чинија и приборот за јадење на шарениот чаршаф скоро присилно ја водат сликата кон апстракција.

Мачките на Џоун Браун исто така имаат натприродна големина. Браун се определи за портретирање, инаку непопуларна тема денес, и со незгаслив дух ги сместува своите миленички во традиционално човечка ситуација.

Елегантните градски пејзажи од стариот свет на Ленард Лерер се најдиректни повикувања на класиката во оваа изложба. По углед на црнобелите слики од поранешните ери, со додавање на една тонска плоча, се добива впечаток на стара хартија. Меѓутоа, во делата на Лерер контурите не се изразени со традиционалната употреба на линијата, туку со специјално измешани премази од туш. Оддалеку овие чудесни графики делуваат како да се од некоја стара мапа; одблиску, мрежестите слоеви се претвораат во активни апстракции.

Енергичните потези на Џорџ Мекнил се чудесно доловени на литографскиот камен - совршен медиум за неговиот крајно вознемирен цртеж поради цврстината и исполнетоста. Хартијата го забележува отпечатокот, иако не може да им одолее ни на решителните интервенции.

Фриц Шолдер е уште еден експресивен и спонтан уметник што го користи каменот како медиум да го запре и да го умножи налетот на активноста, а потоа да ги репродуцира тие видувања. Пердувестиот украс за главата во "Портрет на Индијанец со томахавк" изгледа како да гори. Призрачната сила на "Мађесникот" е резултат на Шолдеровата техника. Фино нанесениот туш отпечатен во бело над црно создава густа магла од којашто излегува фигурата; премазот со туш доловува опипливо тело, а костенливите поточиња што се слеваат од зглобовите асоцираат на крв.

Уметниците од Јужна Калифорнија - Крејг Кауфман, Мел Рамос и Били Ал Бенгстон - ја користат изразната способност на литографијата на еден пооптимистичен начин. Кауфмановите "Розов стол бр.2" и "Жолт стол бр.1" се пријатни, скромни, сликарски дела. Јасно структурални, тие ја користат бојата и едноставната сликовност на крајно експресивен начин. И Мел Рамос употребува базична иконографија како фокусна точка за стопување на рамниот и илустративен простор. Слично, и Били Ал Бенгстон замавнува по пастелните основи за да ги изрази своите тропски сценарија. Во"Mañana Corrida" две графики се поврзани во колаж; "Agua a la Noche" користи виножитна градација за да долови хибридно зајдисонце, небо и море.

И Џеј Филипс употребува колаж. Тој ги преуредува истите три вертикални површини со различни бои во нови односи. Филипс ја разбира целосната трансформација на истата слика со помош на боја и лоцирање. Тој не само што создава бујни сцени со разигран, немирен квалитет, туку и си игра со комбинации на мастило и колажни елементи.

Литографиите на Дебора Ремингтон користат еден сосем друг квалитет на медиумот. Нејзините контемплативни дела шепотат со мирна интензивност, со минуциозност. Како кај измазнетата

површина на каменот, и овде постои богата глаткост нагласена со мешаните мастила кои алудираат на перфекција.

Литографиите на Клинтон Адамс се карактеризираат со брилјантни бои, апстрактни форми и со текстурални основи. Како што сугерираат и нивните наслови, овие лирични но динамични композиции ги истражуваат ритмовите и хармониите на комплексните хроматски односи.

Организираната апстракција оди во еден друг правец кај Стивен Сормен и Џорџ Мијасаки, виртуози на текстурата и на активираните површини. И двајцата создаваат графики со голема илузивна просторност и алтернативни архитектонски реалитети. Делумно проѕирната хартија ставена врз отпечатената површина на "Галоп" ја покажува способноста за текстурална манипулација на Мијасаки. "Значењето на разговорот" од Сормен е експанзивна литографија што се одликува повеќе со централизирана сликовност, за разлика од рамномерната тензија по целата површина на Мијасаковата графика. Сормендвите два стола се поврзани со енергични наноси од туш во две темни бои. Како зборовите во разговорот, и трагите од наносите избиваат, се повлекуваат, се губат, се засилуваат и се преклопуваат. Изборот на фина апсорбентна јапонска хартија дава дополнителен деликатен тон.

Веќе над една деценија, Ерл Линдерман во своите дела го поставува своето фантастично алтер-его, доктор Трил. Во оваа графика, неговиот јунак зазема централно место на сцената и целосно ја контролира ситуацијата.

И личностите од сликите на Марго Хамфри се митски по своите размери. Еден маж среќава жена во "Ноќниот бакнеж", десетобојна литографија што истражува цела низа техники. Деликатно исцртаните површини се искомбинирани со погусто предадени делови. Самодовербата што ја има Хамфри во овој медиум потекнува од долгото искуство како печатар.

Уметниците од индијанско потекло Џејмс Хавард и Џон Квик-ту-Си Смит во овие литографии се повикуваат на своето наследство. Хавард, пионер на апстрактно-илузионистичкото движење, користи фотографска слика во својот "Паднат орел". Фотографијата е најголема современа илузија затоа што го задржува и му влева нов живот на еден претпоставен дел од непознатото - на минатото. Одамна мртвите предци, денес анонимни, сериозно гледаат во нас сред кадифено црната основа. Од шошонско и францускокреско потекло, Квик-ту-Си израсна на резерватот Флетхед во Монтана. Во "Сендхил север", таа се става во контекст на својот детски дом, и повторно се појавува во "Сендхил југ", гледајќи ги со одушевување жеравите кои се селат и минуваат над нејзиниот денешен дом во Њу Мексико.

Две уметнички ја водат дводимензионалната литографија чекор поблиску до третата димензија. Зелт поврзува ткаенини со претходно отпечатени а потоа исечени или искинати парчиња хартија. "Враќање во А-qq бр.1" е деликатен но издржлив колаж што ги проширува можностите на илузијата. Она што изгледа како фотокопија во боја на сончана фасада на некоја куќа од плитари всушност е отпечатен факсимил. Гејл Геш наоѓа инспирација во јапонската традиција. Секоја литографија претставува два или три листа хартија на кои се прикажани привидни сламени плетки. Елегантните, мистериозни графики на Геш на суптилен и духовит начин го користат овој многустран медиум.

Литографиите на Џуди Рифка покажуваат силна графичка сензибилност со смела боја и линија, во кои се искомбинирани апстрактни и фигуративни елементи. Треперливите линии го одразуваат одамнешниот интерес на Рифка за видеото и го изразуваат нејзиното чувство за движење и активност.

Потребни се големи и комплексни напори за да се научи како литографскиот камен да се искористи најдобро. Сè до основањето на "Тамаринд", оние релативно малку литографии што се создаваа, се создаваа во не баш идеални услови. Денес во Соединетите Американски Држави има скоро сто активни професионални работилници. Голем број од овие работилници обезбедуваат обемна соработка во која често се комбинира литографијата со другите графички медиуми. Овие графики се голем скок во однос на скромните црнобели литографии со мал формат што се правеа пред триесет години во Америка.

Без сомнение, "Тамаринд" ги исполни сите шест цели. Тој не само што им ја врати литографијата на уметниците како животен и стимулативен медиум, туку многу ги прошири и нејзините можности. Институтот треба да се признае како еден чудесен феномен, бидејќи го основаа, го управуваа и го водеа уметници за уметниците. Од првите почетоци во Лос Анџелес па до неговата денешна активност во Албекерки, Њу Мексико, институтот Тамаринд доведе до промени во светот на уметноста не само во Америка туку и во многу земји во светот. Додека природата го ограничува дрвото тамаринд да успева само на некои географски ширини, се покажа дека литографијата е способна да се адаптира и да мутира во неверојатно различни форми што ги бараат современите уметници со најразлични приоди. Кога денес ќе го чуете зборот "тамаринд", тој најчесто се однесува на литографијата, а не на растението.

МаЛин Вилсон,
кустос, Галерија Џонсон,
Универзитет на Њу Мексико

# Участники

Clinton Adams
Billy Al Bengston
Carolyn Brady
Joan Brown
Gail Gash
James Havard
Margo Humphrey
Craig Kauffman
Leonard Lehrer
Earl Linderman
George McNeil

George Miyasaki
Philip Pearlstein
Jay Phillips
Mel Ramos
Deborah Remington
Judy Rifka
Fritz Scholder
Jaune Quick-to-See Smith
Steven Sorman
Robert Vickrey
Martie Zelt

# Clinton Adams

КЛИНТОН АДАМС

Роден 1918, Глендејл, Калифорнија

ОБРАЗОВАНИЕ

1942 Трет степен, Универзитет на Калифорнија, Лос Анџелес
1940 Втор степен, Универзитет на Калифорнија

ОДБРАНИ ИЗЛОЖБИ

1985 "Тамаринд: 25 години", Уметнички музеј, Универзитет на Њу Мексико, Албекерки (патувачка)
1984 Уметнички музеј, Универзитет на Њу Мексико
1980 Музеј на Албекерки, Њу Мексико
1972 Музеј и уметнички центар Розвел, Њу Мекско (ретроспектива)
1972 Уметнички музеј, Универзитет на Њу Мексико (ретроспектива)

ФУНКЦИИ

1970-85 Институт Тамаринд, Албекерки, директор
1961-76 Универзитет на Њу Мексико, декан, Колеџ за убави уметности
1960-61 Литографска работилница Тамаринд, Лос Анџелес, помошник директор
1957-60 Универзитет на Флорида, катедра, оддел за уметност
1954-57 Универзитет на Кентаки, катедра, оддел за уметност, и директор, Универзитетска уметничка галерија
1946-54 Универзитет на Калифорнија, Лос Анџелес, професор

АВТОР

American Lithographers 1900-1960, The University of New Mexico Press, 1983
Fritz Scholder Lithographs, New York Graphic Society, Бостон, 1975
The Tamarind Book of Lithography: Art & Techniques (коавтор), Harry N. Abrams, Њујорк, 1971

ОДБРАНИ КОЛЕКЦИИ

Музеј на модерната уметност, Њујорк
Музеј на уметноста на округот Лос Анџелес
Јавна библиотека, Њујорк
Конгресна библиотека, Вашингтон
Уметнички институт на Чикаго
Музеј на убавите уметности, Далас, Тексас

Павана за девет бои
Литографија во седум бои, 45,5 x 59,6 см. Отпечатена од Ренди Гибс на хартија Rives BFK во издание од 25 нумерирани примероци.

Фуга за девет бои
Литографија во осум бои, 45,5 x 59,5 см. Отпечатена од Вејн Клајн на хартија Rives BFK во издание од 20 нумерирани примероци.

# Billy Al Bengston

БИЛИ АЛ БЕНГСТОН

Роден 1934, Доџ Сити, Канзас

ОДБРАНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1985 | Галерија Џејмс Коркоран, Лос Анџелес, Калифорнија |
| | Галерија Енглс, Санта Моника, Калифорнија |
| | Галерија Томас Бабеор, Ла Џола, Калифорнија |
| 1984 | Галерија Џејмс Коркоран, Лос Анџелес |
| | Галерија Томас Бабеор, Ла Џола |
| | Галерија Смит-Андерсон, Пало Алто, Калифорнија |
| | Галерија Даглас Дрејк, Канзас Сити, Канзас |
| | Галерија Тексас, Хјустон |
| 1983 | Галерија Џејмс Коркоран, Лос Анџелес |
| | Галерија Џон Бергґруен, Сан Франциско, Калифорнија |
| | Галерија Томас Бабеор, Ла Џола |
| | Современа уметност Аквавела, Њујорк |
| | "На и од sидот", Музеј Оукленд, Калифорнија (патувачка) |
| | "Прва изложба", Музеј на современата уметност, Лос Анџелес |

НАГРАДИ И СТИПЕНДИИ

| | |
|---|---|
| 1975 | Гугенхајмова стипендија |
| 1967 | Стипендија на Националната фондација за уметност |

НАСТАВА

| | |
|---|---|
| 1973 | Универзитет на Калифорнија, Ервин |
| 1969 | Универзитет на Колорадо, Боулдер |
| 1962-63 | Универзитет на Калифорнија, Лос Анџелес |
| 1961 | Уметнички институт Чуинард, Лос Анџелес |

ОДБРАНИ КОЛЕКЦИИ

Музеј на модерната уметност, Њујорк
Музеј на уметноста на округот Лос Анџелес
Витниев музеј на американската уметност, Њујорк
Уметнички институт Чикаго, Илиноис
Музеј на убавите уметности, Хјустон
Музеј Оукленд, Калифорнија
Музеј Соломон Р. Гугенхајм, Њујорк

Agua a la Noche
Литографија во единаесет бои, 57 x 56 см. Отпечатена од Вејн Клајн на црна хартија Arches во издание од 25 нумерирани примероци.

Mañana Corrida
Литографија во десет бои, 63,5 x 120,5 см. Отпечатена од Кетрин Кун на Arjomari Arches во издание од 25 нумерирани примероци.

# Carolyn Brady

КЕРОЛИН БРЕЈДИ

Родена 1937, Чикашеј, Оклахома

ОБРАЗОВАНИЕ

1961 Трет степен (уметност), Универзитет на Оклахома, Норман
1959 Втор степен (уметност), Универзитет на Оклахома

ОДБРАНИ ИЗЛОЖБИ

1984 Галерија Ненси Хофман, Њујорк
Галерија Б.Р. Корнблат, Вашингтон
1983 Галерија Ненси Хофман
1982 Галерија Томас Сигал, Бостон, Масачусетс
Музеј Минт, Шарлот, Северна Каролина
"Најважни нови дела - изложба за десетгодишнината", Галерија Ненси Хофман
1981 Музеј на уметноста и науката Колумбија, Јужна Каролина
"Современ американски реализам од 1960 година", Пенсилваниска академија на убавите уметности, Филаделфија (патувачка)
"Реално, вистински реално и суперреално", Музеј на уметноста, Сан Антонио, Тексас (патувачка)

НАСТАВА

1974 Универзитет на Мисури, Сент Луис

ОДБРАНИ КОЛЕКЦИИ

Уметнички музеј на Делавер, Вилмингтон
Уметнички музеј, Универзитет Индијана, Блумингтон
American Telephone & Telegraph, Њујорк
Chase Manhattan Bank, Њујорк
Prudential Insurance Company of America, Њу Џерси
Уметнички музеј Спрингфилд, Мисури
Музеј на уметноста, Универзитет на Оклахома
Музеј на Универзитетот Рочестер, Њујорк
Институт Марион Куглер Макнеј, Сан Антонио, Тексас
Metropolitan Life Insurance Company, Њујорк

Бела чинија на ладолежи
Литографија отпечатена во црно, 56 x 76 см. Отпечатена од Лин Ален на јапонска хартија за длабок печат во издание од 30 нумерирани примероци.

Бела чинија на розова мрежа
Литографија во пет бои, 58,5 x 80 см. Отпечатена од Лин Ален на германска хартија за длабок печат во издание од 40 нумерирани примероци.

# Joan Brown

ЏОУН БРАУН

Родена 1938, Сан Франциско, Калифорнија

ОБРАЗОВАНИЕ

1960 Трет степен (уметност), Уметнички институт Сан Франциско
1959 Втор степен (уметност), Уметнички институт Сан Франциско

ОДБРАНИ ИЗЛОЖБИ

1985 Музеј на уметноста Монтереј, Калифорнија
Музеј на уметноста, Сан Хозе, Калифорнија
1984 Галерија Алан Фрамкин, Њујорк
Галерија Фрамкин и Струв, Чикаго, Илиноис
Уметнички музеј на округот Санта Круз, Калифорнија
"Содржина", Хиршхорнов музеј и скулптурна градина, Вашингтон
1983 Галерија Алан Фрамкин
Галерија Фулер-Голдин, Сан Франциско
Уметничка галерија, Милсов колеџ, Оукленд, Калифорнија
"38-ма Коркоранова биенална изложба на американско сликарство", Галерија на уметноста Коркоран, Вашингтон

НАГРАДИ И СТИПЕНДИИ

1980 Национална стипендија за уметност
1977 Гугенхајмова стипендија
1976 Национална стипендија за уметност
1965 Награда Луис Камфорт Тифани

ОДБРАНИ КОЛЕКЦИИ

Уметничка галерија Олбрајт-Нокс, Бафало, Њујорк
Музеј на модерната уметност, Њујорк
Универзитетски уметнички музеј, Беркли, Калифорнија
Витниев музеј на американската уметност, Њујорк
Музеј на уметноста, Оукленд
Музеј на уметноста на округот Лос Анџелес, Калифорнија
Музеј на модерната уметност, Сан Франциско
Универзитет на Колорадо, Боулдер

<u>Доналд</u>
Литографија во пет бои, 76 x 56 см. Отпечатена од Марша Браун на хартија Rives BFK во издание од 40 нумерирани примероци.

<u>Лила</u>
Литографија во пет бои, 103 x 76 см. Отпечатена од Лин Ален на германска хартија за длабок печат во издание од 36 нумерирани примероци.

# Gail Gash

ГЕЈЛ ГЕШ

Родена 1951, Блумингтон, Илиноис

ОБРАЗОВАНИЕ

1976 Трет степен (уметност), Универзитет на Синсинати, Охајо
1975 Трет степен (наука), Државен универзитет на Илиноис, Нормал
1973 Втор степен (уметност), Веслиев универзитет на Илиноис, Блумингтон

ОДБРАНИ ИЗЛОЖБИ

1985 Галерија Ретиг-Мартинез, Санта Фе, Њу Мексико
Рајтова галерија, Далас, Тексас
"Понови дела", Музеј на Албекерки, Њу Мексико
"Тамаринд: 25 години", Уметнички музеј, Универзитет на Њу Мексико, Албекерки (патувачка)
"Уште една голема љубов", Уметнички музеј Денвер, Колорадо
1984 "Конкурсна изложба", Музеј и уметнички центар Розвел, Њу Мексико
Галерија Саливен Бајсиниус, Денвер
"Галериски уметници", Галерии Линда Дурем, Санта Фе
1983 Галерија Хајт-Бер, Санта Фе
"Нови дела на хартија", Галерија Дејвис-Маклен, Хјустон, Тексас
"Три графичари", Галерија Елекфиш, Портланд, Орегон
"Галериски уметници", Галерии Ламберт--Милер, Скотсдејл, Аризона

ОДБРАНИ КОЛЕКЦИИ

Музеј на Албекерки
Уметнички музеј Портланд
Amoco Production Company, Хјустон
United Bank, Хјустон
Веслиев универзитет на Илиноис, Блумингтон
Hospital Corporation of America, Нешвил, Тенеси
Уметнички музеј, Универзитет на Њу Мексико

Шин Ханга V
Литографија во девет бои, 51 x 51 см. Отпечатена од Марша Браун на два листа бела хартија Arches, превиткана и ламелирана, во издание од 40 нумерирани примероци.

Шин Ханга VI
Литографија во девет бои, 51 x 51 см. Отпечатена од Лин Ален на два листа бела хартија Arches и на хартија Michael Badger, исечена, превиткана и ламелирана, во издание од 40 нумерирани примероци.

# James Havard

ЏЕЈМС ХАВАРД

Роден 1937, Гелвестон, Тексас

ОБРАЗОВАНИЕ

1965 Пенсилваниска академија на убавите уметности, Филаделфија

1959 Втор степен (наука), Државен колеџ Сем Хјустон, Хантсвил, Тексас

ОДБРАНИ ИЗЛОЖБИ

1984 Галерија Јанус, Лос Анџелес, Калифорнија

1983 Галерија Хокин/Кауфман, Чикаго, Илиноис
Галерија Елејн Хорвич, Скотсдејл, Аризона

1982 Галерија Марта Вајт, Лујвил, Кентаки
Галерија Мус, Торонто, Онтарио, Канада
Галерија Марион Локс, Филаделфија
Галерија Мајра Морган, Канзас Сити, Канзас
Galerie Isy Brachot, Брисел, Белгија

ОДБРАНИ КОЛЕКЦИИ

Музеј на уметноста Метрополитен, Њујорк
Пенсилваниска академија на убавите уметности
Музеј на модерната уметност, Стокхолм, Шведска
Музеј на уметноста Соломон Р. Гугенхајм, Њујорк
Музеј на уметноста на округот Лос Анџелес, Калифорнија
Национален музеј на американската уметност, Вашингтон

Паднат орел

Литографија во осум бои, 103 x 72,5 см. Отпечатена од Лин Ален на хартија Arjomari Arches во издание од 50 нумерирани примероци.

# Margo Humphrey

**МАРГО ХАМФРИ**

Родена 1942, Оукленд, Калифорнија

ОБРАЗОВАНИЕ

1974 Трет степен (уметност), Универзитет Стенфорд, Пало Алто, Калифорнија
1973 Втор степен (уметност), Калифорниски колеџ на уметностите и занаетите, Оукленд

ОДБРАНИ ИЗЛОЖБИ

1985 "Тамаринд: 25 години", Уметнички музеј, Универзитет на Њу Мексико, Албекерки, (патувачка)
"Шеесетти годишен меѓународен конкурс", Галерија Print Club, Филаделфија, Пенсилванија
"Нови графики: понови дела на уметници од Заливската област", Галерија World Print Council, Сан Франциско, Калифорнија
1984 "Шест американски графичари", Галерија на уметноста Муди, Универзитет на Алабама, Таскалуса
Седмо норвешко меѓународно графичко биенале, Градска библиотека, Фредрикстад, Норвешка
Осмо британско меѓународно графичко биенале, Картрајт Хол, Листер Парк, Брадфорд, Англија
1983 Универзитетски уметнички музеј Мајами, Оксфорд, Охајо
1981 Наставна галерија, Универзитет на Њу Мексико, Албекерки
1980 Музеј на модерната уметност, Сан Франциско

НАСТАВА

1973-83 Универзитет на Калифорнија, Санта Круз
1983 Уметнички институт, Сан Франциско

НАГРАДИ И СТИПЕНДИИ

1983-85 Уметнички совет на Калифорнија, стипендија Гостин-уметник
1983-84 Национална стипендија за уметност
1980-81 Стипендија на Фордовата фондација
1973 Стипендија на Витниевиот музеј на американската уметност

ОДБРАНИ КОЛЕКЦИИ

Фондација Аченбак, Палата на Легијата на честа, Сан Франциско
Грунвалдов центар за графичка уметност, Универзитет на Калифорнија, Лос Анџелес
Музеј на современата уметност, Рио де Жанеиро, Бразил
Музеј Оукленд, Калифорнија
Музеј на уметноста, Филаделфија
Универзитетски уметнички музеј, Универзитет на Калифорнија, Беркли

<u>Среќната вила вели пробај си ја среќата</u>
Литографија во шест бои, 56,5 x 77,5 см. Отпечатена од Расел Крејг на германска хартија за длабок печат во издание од 40 нумерирани примероци.

<u>Ноќен бакнеж</u>
Литографија во десет бои, 56 x 76 см. Отпечатена од Том Пруит на бела хартија Arches во издание од 40 нумерирани примероци.

# Craig Kauffman

КРЕЈГ КАУФМАН

Роден 1932, Лос Анџелес, Калифорнија

ОБРАЗОВАНИЕ

1956 Трет степен, Универзитет на Калифорнија, Лос Анџелес

1955 Втор степен, Универзитет на Калифорнија

ОДБРАНИ ИЗЛОЖБИ

1985 Галерија Фулер-Голдин, Сан Франциско, Калифорнија

"Сонце и сенка: понови слики од Јужна Калифорнија", Галерија Фишер, Универзитет на Јужна Калифорнија, Лос Анџелес

"Тамаринд: 25 години", Уметнички музеј, Универзитет на Њу Мексико, Албекерки (патувачка)

1984 "Прва изложба", Музеј на современата уметност, Лос Анџелес

"Годините на Дилекси - 1958-1970", Музеј Оукленд, Калифорнија

